Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 ) и член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка, (Сл.гласник на Општина Крива Паланка 8/10), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 30.11.2017 година донесе

# ПРОГРАМА
# За активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт и млади за 2018 година

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт и млади во 2018 година се:

-Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.

-Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот.

-Афирмација на Општина Крива Паланка во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

## II.АКТИВНОСТИ

При креирање на Програмата активностите ќе се насочуваат кон

-Изнаоѓање и имплементација на законски решенија кои имплицитно ќе влијаат врз дејноста спорт и физичка култура

-Сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации,

-Поттикнување и поддршка на програмите на спортските клубови и формирање на општински сојуз на спортови;

-Унапредување на училишниот спорт преку мотивиран стручен кадар

-Обезбедување на расположливост на објектите за спорт во училиштата

-Развивање на масовниот спорт,

-Подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма е од Буџетот на Општина Крива Паланка, Агенцијата за млади и спорт, спонзорства, донации и спортски сојузи.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност и интерес ќе се појават во текот на 2018 година ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

| ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред Бр. | СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | Рок | Носител | Агенција за спорт и млади | Сопствени приходи | Општина Кр.Паланка | Др.извор и донации | Вкупно |
| 1. | Формирање на општински сојуз на спортови | 2018 година | Општина КриваПаланка | | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 2. | Првомајски крос натпревар | 1.мај | Општина Крива Паланка и сите училишта | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 3. | Турнир во Пинг-Понг | По утврден календар | Понпонгарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 4. | Турнир во Кошарка | По утврден календар | Кошаркарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 5. | Турнир во тенис | По утврден календар | Тениски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 6. | Турнир во мал фудбал | По утврден календар | Фудбалски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 7. | Турнир во карате | По утврден календар | Карате клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 8. | Спортски натпревари за патрон празници на училишта | По утврден календар | Училиштата во соработка со Општина Крива Паланка | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 9. | Подршка на училишен спорт – училишни спортски клубови | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 50.000,00 | | 50. 000,00 |
| 10. | Набавка на спортска опрема и реквизити | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 25.000,00 | | 25 000,00 |
| | СЕ ВКУПНО денари | | | | | 385.000,00 | | 385.000,00 |

## IV.ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка спортските манифестации ќе ги помага и со:

-доделување награди и признанија;

-обезбедување стручна, техничка и други видови помош.

На младите ќе им помага преку:

-организирање трибини, форуми, дебати на теми што се од нивен интерес,

-организирање кампањи за здрав начин на живот.

V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Ова Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09–2528/47**
**30.11.2017 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**